**Начин на пресметка и наплата на локални даноци-комунални такси**

Обврската за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса.

Комуналните такси се утврдуваат во еднаква висина за сите обврзници кои вршат иста дејност или занимање, односно за сите обврзници од иста категорија.

(2) Висината на комуналната такса не може да се определува според вредноста на предметот, извршениот промет или остварениот приход.

(3) Комуналната такса за фирма, односно назив се утврдува различно по видови дејности.

(4) Комуналните такси од членот 3 став (1) точки 2, 3 и 6 од законот за комунални такси се утврдуваат по метар квадратен корисна површина.

(5) Комуналната такса за користење на просторот за паркирање се утврдува во процентуален износ од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање.

Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје на обврзникот на комунална такса му издаваат решение во рок од 30 дена за висината на комуналната такса. Наплатата на комуналните такси од членот 3 на овој закон за користење на површините во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба, за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, за користење на простор за паркирање на моторни возила и нивните приколки, моторцикли, мотори и велосипеди, за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и за користење и одржување на јавното осветлување се врши без издавање на решение во рамките на износот утврден во Тарифата на комуналните такси.

Ако во текот на годината настане обврска за плаќање на комуналната или настанат промени кои доведуваат до плаќање такса во поголем или помал износ, обврзникот на таксата е должен во рок од 15 дена од денот на настанатата обврска или настанатата промена за тоа да поднесе пријава до општинската администрација, до администрацијата на општините во градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје.

Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје со решение ќе ја утврдат висината на таксата во годишен износ и ќе го задолжат обврзникот да ја плати таксата во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Обврзникот на комуналната такса кој не ќе поднесе навреме пријава според ставот (1) на овој член, ќе се задолжи, покрај со редовната такса, со зголемена такса од 30%.

Во поглед на утврдувањето и наплатата на комуналните такси, инспекцискиот надзор над наплатата на комуналните такси, како и за надзорот над работата на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје и на органите на градот Скопје, одлагање на извршувањето, постапката по правно средство каматата, присилната наплата, враќањето на повеќе или погрешно уплатената такса се применуваат одредбите од Законот за даноците на имот.